# З А П И С Н И К
## од 39-та седница  на Совет на Општина Демир Хисар
## одржана на 27.08.2024 година

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите  Демир Хисар со почеток во 11.30 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.
Од општинската администрација присутни беа  Александра Трајковска, Марина Поповска, Катерина Огненовска, Јасмина Перчаковска Василевска. На седницата присутен беше директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски, директорот на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар Александар Чорбевски, директорот на Дом на култура „Илинден“Демир Хисар Славче Велјановски, претставник на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, ООУ „Браќа Миладиновци с.Жван, ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Марина Давидевска, претставник на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Сузана Мицевска, претставник на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Цане Трајчевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 38 ма седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“.
-Усвојување на записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 09.08.2024 година.
Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.

На  седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година (прв Ребаланс).
2. Донесување на Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година.
3. Давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Демир Хисар за 2025 година.
4. Донесување ОДЛУКА за  изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на делови од КП бр.870/1, КП бр. 870/3, КП бр.541/6, КП бр.541/7, КП бр.542/2, КП бр.861/3, КП бр.861/5, КП бр.722/2, КП бр.722/3, КП бр.865 и КП бр.728 КО Суво Грло и дел од КП бр.5108 КО Сопотница, Општина Демир Хисар.
5. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација.
6. Донесување  на Одлука за дополнување на Програмата за Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2024 година.
7. Усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар  период од 01.01.2024-30.06.2024 година.
8. Давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2025 година.
9. Давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2025 година.
10. Донесување на Одлука за давање согласност на Ценовникот на услуги за превоз од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар.
11. Донесување на Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС” Демир Хисар.

12. Усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
13. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
14. Усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
15. Усвојување на Годишена програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
16. Давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2025 година.
17. Донесување на Одлука за продолжување на работно време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар.
18. Предлози и прашања

Претседателот на Советот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа при тоа предложи дополнување на дневниот ред со две точки и тоа 16.Давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2025 година и 17.Донесување на Одлука за продолжување на работно време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар, точката предлози и прашања ќе биде 18-ста точка. Советниците немаа забелешки и предлози. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година (прв Ребаланс)***

Комисијата за финансии и буџет ги усвои Измените и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За измените во Буџетот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за средствата во програма К4 ставка 425 договорни услуги за копирање се зголемува за 130.000, за што се потребни овие средства кога општината има копир. Потоа за рок хепенинг се планира 150.000, а предходната година беа одобрени 30.000. Претставникот Марина Поповска објасни средствата кои беа планирани не се доволни затоа се зголемува во делот на копирање. Од оваа ставка се плаќа печатење на покани, маици, плакати, ранци и други материјали. Градоначалникот Никола Најдовски дополни предходната година за рок хепенигот имаше средства од Министерство за култура оваа година не одобрија средства, се финансира општината. Советничката Марина Димитријовска забележа требаше овие средства 150.000 да се одобрат со одлука на совет, а потоа додаде до советот да се достави извештај за овие средства за наредна седница. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски побара објаснување за исплата на каматата за кредиотите дали истата по договорот или се работи за задоцнето плаќање, бидејќи се повеќе средства од предходна година. Исто така се намалува кај ставката за улично осветлување дали останатите средства се доволни, како и објаснување за програмата за реконструкција на улици и патишта. Претставникот Марина Поповска објасни ратите од кредитите се плаќаат редовно, но каматите предходната година беше 600.000, за оваа година е 800.000 така ни пресметуваат. За програмата за улично осветлување според динамиката на досегашната реализација сметавме дека ќе има доволно средства до крајот на годината. За програмата за реконструкција на улици и патишта имаше планирано 1.112.770 се платени на ЦРППР салдото е поголемо, треба да се зголеми сопственото учество. Градоначалникот Никола Најдовски додаде сега само се резервираат средства нешто да се плати, ќе треба уште. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали динамиката на приходите е по планот, исто побара објаснување за вододводот во Стругово. Претставникот Марина Поповска објасни се планираат реални приходи и се одвива добро, за водоводот во Стругово е за препумпна станица со одлука на совет. Дискусија повеќе немаше. За донесување на измените на Буџетот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Одлуката за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката Сандра Пејковска.

Објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 3. Годишен план за вработување на Општина Демир Хисар за 2025 година***

За Годишниот план за вработување на Општина Демир Хисар за 2025 година објаснување имаше претставникот Јасмина Василеска Перчаковска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката за давање согласност.

***ТОЧКА 4. ОДЛУКА за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на делови од КП бр.870/1, КП бр. 870/3, КП бр.541/6, КП бр.541/7, КП бр.542/2, КП бр.861/3, КП бр.861/5, КП бр.722/2, КП бр.722/3, КП бр.865 и КП бр.728 КО Суво Грло и дел од КП бр.5108 КО Сопотница, Општина Демир Хисар***

Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија- 10(20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на делови од КП бр.870/1, КП бр. 870/3, КП бр.541/6, КП бр.541/7, КП бр.542/2, КП бр.861/3, КП бр.861/5, КП бр.722/2, КП бр.722/3, КП бр.865 и КП бр.728 КО Суво Грло и дел од КП бр.5108 КО Сопотница, Општина Демир Хисар беше донесена од комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша од каде е инвеститорот, а советникот Сашо Михајловски праша дали има приватни парцели. Претставникот Катерина Огненовска објасни од АД Инекс Дрим од Струга, поминува покрај патот тоа е државно земјиште. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 5. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација***

Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација беше донесена од комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 6. Одлука за дополнување на Програмата за Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Одлука за дополнување на Програмата за Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена од комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 7. Финансиски извештај за работењето на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар период од 01.01.2024-30.06.2024 година***

Финансискиот извештај за работењето на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар период од 01.01.2024-30.06.2024 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Советникот Валентин Несторoски предложи и во селата да се постават сатови, бидејќи нерационално се користи водата за пиење или да се воведе рестрикција. Директорот Гоце Мицковски објасни имавме контрола во некој места не најдовме незаконски приклучоци, но треба да се донеси одлука за ограничена потрошувачка на вода, а домаќинствата кои трошат над таа граница да плаќаат повисока цена. За рестрикција нема законска основа. Советничката Марина Димитријовска праша дали е реално прикажана разликата помеѓу приходи и расходи бидејќи предходно имаше долг скоро 4 милиони. Директорот Мицковски објасни тоа беше за 2023 година, овај извештај е за 2024 е изработен врз основа на документи приходи расходи за наведениот период, обврските се многу поголеми не е сјајна состојбата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде треба да се прикаже реалната состојба, обраќајќи се до директорот праша што предлага за надминување на тешката финансиска состојба, да се спречи блокада да не се случи да се блокира сметка па да се бара решение. Директорот Гоце Мицковски објасни едно од можните решенија е зголемување на цената на водата, која не е променета од 1990 година, а сите цени вклучувајќи ги платите се многукратно зголемени, но тука советот не може ништо тоа треба регулаторна комисија. Во Демир Хисар има

најниска цена на водата за пиење. Се надеваме дека ќе има можност после нова година нешто да се промени. Дискусија повеќе немаше. Со 7 „за“ и 4 „воздржани“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 8. Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2025 година***

Годишниот план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2025 година беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.

***ТОЧКА 9. Годишен план за вработување на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2025 година***

Годишениот план за вработување на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за 2025 година беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.

***ТОЧКА 10. Одлука за давање согласност на Ценовникот на услуги за превоз од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на Ценовникот на услуги за превоз од страна на ЈП Дехи Транс Демир Хисар објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали цените се реални и домаќински. Директорот Александар Чорбевски објасни нема корекции во цените се исти како и предходната година, онаму каде што има помалку деца има зголемување да се добие истата цена по релации. Претседателот на Советот предложи да се зголемат цените за 10 денари по дете, со цела да биде рентабилно. Директорот Александар Чорбевски додаде се планираше во јануари да се зголемат цените, овие месеци да се вози со старите цени. Советничката Марина Димитријовска забележа дали училиштата се во можност да плаќаат ако ги зголемиме цените. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски искна ова е прв пат да предложам против своја волја, но треба да дозволиме претпријатието да го доведеме до тешка состојба, домаќински си работат. Советникот Сашо Михајловски се согласи да се даде поддршка ако е издржано, да се направи консултација со училиштата. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ се донесе одлуката со предлог за зголемување од 10 денари по ученик.

***ТОЧКА 11. Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС” Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС” Демир Хисар објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Возачите бараа зголемување на платите, со оваа одлука се предлага 8 % иако тие бараа повеќе. Платите се 24.6000 ќе се зголемат за 2.000. нивното барање е реално, но засега 8 % сметаме е доволно понатаму ќе видиме. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Годишната програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше усвоена со 10 „за“ притив и воздржани немаше.

***ТОЧКА 13. Годишен извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоен со 10 „за“ притив и воздржани немаше.

***ТОЧКА 14. Годишна програма за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше усвоена со 10 „за“ притив и воздржани немаше.

***ТОЧКА 15. Годишена програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Годишената програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше усвоена со 10 „за“ притив и воздржани немаше.

***ТОЧКА 16. Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2025 година***

За Годишниот план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2025 година објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Советнвикот Сашо Михајловски истакна советот даде позитивнои мислење за вработувањата кои се дел од планот. Директорот Славче Велјановски

објасни по добиеното мислење планот се испрати во Скопје, но од таму нема добиено согласност затоа се планира и во новиот план. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски упати пофални зборови за работата на домот на културата, праша дали Министертвото за култура помага финансиски за активностите во домот. Директорот Велјановски објасни многу малку се помага на помалите општини. Дискусија повеќе немаше. Со 6 „за“ и 4 „воздржани“ беше дадена согласност на планот за вработување.

***ТОЧКА 17. Одлука за продолжување на работно време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар***

За Одлуката за продолжување на работно време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот на општината Александра Трајковска. Имаше барање за продолжување на работново време од еден угостителски објект за еден час во определени 5 денови. Одлуката ќе важи за сите угостителски објекти. Дискусија повеќе немаше. Со 10 Одлуката беше донесена против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 18. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 884/2
27.09. 2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски